Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, на ден 13.04.2016 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Планска програма за изработка на урбанистички план вон населено место за Викенд населба на КП 5377 и дел од КП 5379/2, локалитет Калин Камен, КО Кркља, општина Крива Паланка, која се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Крива Паланка ( **www.krivapalanka.gov.mk**).
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 од Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Планска програма за изработка на урбанистички план вон населено место за Викенд населба на КП 5377 и дел од КП 5379/2, локалитет Калин Камен, КО Кркља, општина Крива Паланка нема да има влијание врз животната средина поради тоа што намената на просторот е изградба на викенд населба со предвидени класи на намени: А – домување (А4 – времено сместување) и Е – инфраструктура;
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-1101/1 13 04 2016
Место: Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл. Правник Арсенчо Алексовски